# THE NEED FOR CURRICULUM ACCESS IN THE EDUCATIONAL PROCESS

**Bajram Selmani**
Faculty of Pedagogy, Tetovo University, Tetovo, Republic of Macedonia,
bajram_selmani@yahoo.com

**Abstract:** Education as a superstructure and factors of the development of society is in front of many dilemmas which should be appropriate to respond and complement in order to be in line with the expectations and needs of the student who is prepared to live in the century of great change.In this sequence of events, such as the multiplication of short-term knowledge and the need for their use, the increase of technology and technology as auxiliary resources, the shortening of the child's stay in the family environment, the reduction of organized time, the enlargement personal-mobile communication technology ... to the need to change the dynamics of design and implementation of curricula at all existing levels of the education system, curricular approaches to planning, programming and realization of teaching work and education.
**Keywords:** curriculum, curriculum access, planification, programation, resource

# ОПРАВДАНОСТ ОД КУРИКУЛУМСКИ ПРИОД КОН ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС

**Бајрам Селмани**
Педагошки факултет, Тетовски Унивезитет, Тетово, Македонија, bajram_selmani@yahoo.com

**Апстракт:** Сферата на воспитанието и образование како суперструктура не општетсвениот развоја е пред повеќе предрдизвици на кои соодствено треба д аим се одговори за да им се одговори на исходите од очекувањата и потребите на ученикот кој се подготвува да живее и делува во 21 век. На овој тека на настани : брз тек на создавање и прилив на нови сознанија, потрба на нивни усвојувања , прилив на нови текники и технологии како помошни ресурси, скратување на времето на престојот не детето во семејната средина, скратување на организирано спроведување на слободното време, индивидуализирана мобилност на поединецот со комуникацијска технологија ... ... ...доведува до потрабата од поинаков третман на динамиката на составување и реализција на наставните содржини по наставни предмети и подрачја во постојните нивоа на образовниот систем а тоа е курикуларен пристап во планиарњето, програмирањето и реализацијата на образовната работа подкрепено со воспитната компонента.
**Клучни зборови:** курикулум, курикулумски приступ, планирање, програмирање, ресурси

Општествено економските промени, социолошките барања и истражувањата во сферата на вредносните аспекти на воспитанието и образованието довеле до конципирањето на воспитно-образовни цели позиција на реално - можни, изводливи цели и задачи кои одговараат на инивидуалните и демократизирани општествените интереси.

Во наставните активности се застапуват повеќе човечки и научно- технолошки ресурси и наставни предмети. Критериум за избор на наставните предмети и активности е потребата, реалните цели на општеството и другите формални и неформални активности, субјективните И објективните фактори кои влијаат врз поединецот - учениците кои обезбедуваат конзистентен напредок.

Дидактиката како гранка на педагогијата се занимава со теоријата на воспитно-образовниот процес. Дидактичките теории се форми и практика на научно искажувања кои даваат одговор на повеќе прашања од сферата на образованието од типот: што, зошто и како нешто настанува и се реализира во воспитно-образовниот процес. Наставниот план и наставната програма како документ се изготвуваат од Бирото за развој на образование и се дистрибуираат по училишта, но не дава целосен одговор на прашањата : зошто да се учи ?, што да се учи ?, кога да се учи ? , како да се учи ?, со кого да се учи?. Кои содржини со кои цели да се поврзуваат и преку кои наставни постапки да се реализираат ? Кои знаења треба да ги содржи наставната програма и кој распоред на содржини е најпогоден за ефикасно усвојување на одредени знаења ? Дали има граници меЃу образовните и воспитните ефекти? Дали може да се измерат когнитивните и конативните компоненти на наставната програма? Кој вид на распоред на наставниот материјал ќе се применува, сукцесивниот, концентричниот или комплексниот ? Што се очекува од воспитно образовниот процес ? Колку се земаат предвид индивидуалните интереси и афинитети? Колку наставникот има можност да интервенира во готова составена и дадена програма ? Колку програмата одговара на локалните, срединските и индивидуалните можности на ученицит? Дали е

доволен показател покажаниот сумативен успех на учениците за успешност на реализираната програма Овие и ред други прашања се доволни докази кои укажуваат на потребата од застапување на курикуларниот пристап во програмирањето на наставно воспитната работа.

Наставниот план и наставната програма најчесто се дефинираат како целосно искуство кое учникот го постигнува под водство на училиштето или наставниот план е основен училиштен документ што го издава просветна власт и кој содржи предмети кои ќе се изучуваат во одредено училиште, редослед по одделение, неделен и годишен фонд на часови по предмети. Наставната програма е службен документ издаден од просветните органи и со кој се одредуваат содржините на работа по секој наставен предмет, знаења, умеења и навики кои учениците треба да ги усвојуваат по одредени предмети .

Денес често наместо изразот наставен план и наставна програма се употребува изразот курикулум, како пристап во планирањето и програмирањето за кој повеќ а автори се согласуваат дека се однесува на наставен процес и дека е прифатлив зашто опфаќа повеќе сегменти во планирањето и програмирањето на воспитно- образовната работа, кога се зборува за курикулумски пристап кон наставниот предмет, се мисли на целосен опфат и на поврзаност на повеќе компонентите со цел поцелосна реализација на восптно-образовната дејност.

## ЕТИМОЛОГИЈА И ЗНАЧЕЊЕТО НА ПОИМОТ КУРИКУЛУМ

Поимот курикулумот како комплексен документ кој ја прецизира педагошката структура на системот за образование и воспитание според повеќе автори долго време е заменуван со поимот наставна програма, но поимот курикулум полека се дистанцира од традиционалното изразување - на наставна програма во 60 -тите години, со цел да се стави повеќе акцент на евалуацијата и потребите (на консументите на знаењата - учениците, на активностите на учениците, на смисловното учење и на автономијата на примателот на знаењето - ученикот) отколку на содржините. Како начин за реализација и изразување во текот на своето формирање како поим е поврзан со педагошката филозофија и политика и со општествените прилики (со кои се занимавале авторите на курикулумот).

Дол (Дол. 1974) го дефинира курикулумот како една содржина како еден формален (прецизен) и неформален процес преку кој примателите (учениците) стекнуваат знаења и умеења, ги развиваат компетенци ите, ставовите и вредностите под покровителство на училиштето 1.

Д. Хаинаут (Д. Хаинаут 1977) курикулумот е план за педагошка активност многу поопширен од една наставна програма. Тој ги опфаќа генерално не само програмите на различни материи туку и дефиницијата за крајните цели на едукацијата, спецификацијата на образовните активности и на учењето што се содржи во програмата со содржини и индикациите за начинот на кој образованието или ученикот ќе бидат евалуирани 1 .

Надеау (Надеау. 1988) во врска со курикулумот, констатира се работи за една организирана целина на цели, задачи, содржини, дидактички средства, образовни активности и начин на евалуација за да се измери постигањето на субјектите 1.

Алаљ (Аллал. 1996) терминот курикулум означува целина од компоненти кои се земаат во предвид за да се замени програмата за кохерентно образование: планот за учење ги насочува доменот на содржини до кои треба да се пристапи и педагошките цели што треба да се постигнат, предлози за постапки што треба да се следат во организацијата и анимацијата на образовните ситуации, дидактичкиот материјал ( прирачници, брошури, проспекти, аудиовизуелни средства, игри, алатки за работа наменети за ученикот и наставникот 1.

„ Курикулумот го опфаќа целото наставно - процесно подрачје; од одлуките за наставната ситуација, преку наставната реализација до оценката на воспитно - образовните резултати" 2.

„ Курикулумот опфаќа анализа и планирање на наставата: интенции, тематика, методика и медиуми, почитувајќи ги како антрополошките така и општествено културните околности за учење " 2.

„ Концептот курикулум е исклучително опсежен поим и може да покрива сé што се поучува во училиштето, било намерно или ненамерно " 2.

Зборот курикулум потекнува од латинскиот јазик и значи одење (по точно , тек) но низ наставата / обуката, а не низ животот.. .. Односно се мисли на она што е наметнато со план и на она што е наметнато со програмата. Затоа не би било добро да се преведува исклучиво како наставен план ни исклучиво како наставна програма како тоа го прават повеќе вропски држави. Освен тоа, тој не значи само настава поучување, односно учење и студирање или план и програма за учење и план и програма за студирање туку и образование односно „ план и програма за образование како и сето она што е поврзано со тоа " 3.

„Курикулумот на современото воспитание, образование и училиште подразбира научно поставување на целта, задачата, содржината, планот и програмата, организацијата и технологијата на изведувањето како и различните облици на евалуација на учениците" 4.

Иако има различни дефиниции за поимот курикулумо заедничко е дека: курикулумот е целно насочен пристап кон воспитанието и образованието, и тоа: институционално - формално, неформално - информално и есовдверско, како и дека е процес на медиска култивација и социјализација кој во себе опфаќа:

- потреба од утврдување а тоа што учениците треба да го учат
- одредување на содржините како извор на информации
- утврдување на педагошките стандарди
- предвидување на различите способности и на темпото на работа на ученикот
- организациски и методички патишта
- постигање на предвидени компетенции
- изработени постапки за вреднување 4.

Според критичките анализи на поимот курикулум се констатира дека воопшто во поимот курикулум повеќе автори ја нагласуваат поврзаноста која постои помеЃу содржините, наставната технологија ,наставните методи, наставните средства, исходите и начинот на евалуација на стекнатите знаења од ученикот.

Во педагошката литература зборот курикулум означува планирана интеракција на ученикот со наставните содржини и наставните ресурси, потоа и наставен процес за остварување на цели кој во себе опфаќа:

- цели на учење (кон кои треба да се оди)
- содржини (предметите кои се важни за постигање на целите на учењето)
- методи (средства и патишта за постигање на целите на учењето)
- ситуации (групирање на содржините и методите)
- стратегии (планирање на ситуациите)
- евалуација (дијагноза на излезните состојби, мерење на учењето и поучувањето со објективни постапки)

Во теоретските расправи на литературните извори за курикулумот, поимот курикулум, е употребен како во англоамериканската традиција, како еквивалентен со францускиот поим програм на студија (учење), - наставен план и наставна програма каде се споиле педагошките дисциплини (дидактиката, методиката, училишната педагогија, социологијата).

МеЃутоа во последните децении, курикулумот еволуирал и добива големо значење, за да се употреби како универзален на ниво на глобализација на педагогошката и социолошка теорија и практика на воспитанието. Курикулумскиот приступ добил толку значење заради што според повеќе автори во осумдесетите години на 20 век . а во последиинте децении уште по со побрз тек настанува инвазијата на сознавањата, што значи дека употребата на курикулумски пристап во програмирњањето е неминовна потреба заради што ги вклучува сите објективни субјективни фактори што придонесуваат врз целосна реализацја на воспитно образовнсата работа. Младен Вилотиевиќ под поимот курикулум подразбира поим поширок од наставен план и наставна програма и констатира дека курикулумското конципирање на наставата го сочинуваат две подрачја: теоријата на курикулумот и теорија на наставата ориентирана кон целите на учењето, која кај нас во просветната политика, сé повеќе влегува во потреба, а основната карактеристика е конципирање на „учење ориентирано кон ученикот" 5.

**ПРИСТУП НА КУРИКУЛАРНО ПЛАНИРАЊЕ НА НАСТАВАТА**

Курикулумскиот приступ во планирањето и програмирањето се втемели во барањата и можностите што се овозможуваат:

- флексибилност во изборот на наставните содржини и начинот на работа според рамковните упатства
- наставните содржини се отворени и се во корелација со повеќе наставни предмети но во фоцус на реализација на целта
- реализација на програмата и наставната работа е низ интеракцијска соработка на субјектите- размена на идеи искуства
- според курикулумската рамка се дозволуват во наставна работа случајни ситуации или настани во контекст на наставата
- се земаат во предвид и непланираните влијаниа во наставата
- се земаат во предвид и скирените-неформалните влијателни активности на час
- се истакнува социо-комуникацијската компонента во односите на субјектите, наставник, ученик и други субјекти во фромалното и во слободното наставно време
- се зема во предвид училиштето , како еден од факторите за воспитание и образование
- сите ученици се вклучени и се учесници во наставниот процесс без оглед на нивна објективна позиција

- На секој индивид и се дава можност и прилика да се искаже и да придонасува или прима според потребите
- Наставната активност се гледа и од воспитен и од образовен аспект.
- Се нагласува компонентата на исходите (аутпутот) од учењето кои се споредливи и мерни според повеќе критериуми
- Одредување на исходите на учењето се реализираат во соработнички начин
- Важност на соработничкиот однос

**ЗАКЛУЧОК**

Од увидот на сегментите кои го сочинуваат содржината на курикулумот и начинот на составување и реализација на истиот се добива впечаток дека е релативно лесно изводливо, но во суштина кога приоЃаме во непосредна работа, во колку реално се гледа реализаторот се соочува со изразити потешкотии, од типот: колку се подготвени за курикуларно планирање на наставата, колку и каква е подршката од стручната служба за курикуларно палнирање, програмирање и остварување на наставата , колку објективните ресурси се прилагодени за овој начин на програмирање: книгите, прирчниците, работните тетратки, збирките на задачи, помошниот материал за настава и сл.... овие и ред други прашања посочуваат на потртеба од реален приступ во конципирањето и остварувањето на курикулумот-програмирањето во современи барања и потреби.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

[1] Vlatko Previ\[i\], 2007, KURIKULUM - TEORIJE-METODOLOGIJE-SADRŽAJ- STRUKTURA, Školska knjiga, Zagreb. str. 20.
[2] J. Pavičić Vukičević (2013) : Uloga implicitne teorije nastavnika u skrivenom kurikulumu suvremene škole.PEDAGOGIJSKA istraživanja, 10 (1), 119 – 133 Filozofskom fakultetu Sveučilišt u Zagrebu
[3] Kiro Popovski, 2000, Programirawe na vospitno- obrazovniot proces, PZ na Makedonija, Skopje, str. 18.
[4] Kolin J. March, 1994, Kurikulum - Temelni pojmovi, Eduka, Zagreb, str.20
[5] Mladen Vilotijevi\] , 1999, Didaktika - didakti~ke teorije i teorije u~ewa, Nau~na kwiga, Beograd. str. 23.
[6] Roegier, Havier, 2003, Analyser une action d,education au de formation, Analyser les programmes, Rayale Albert, Bruksel. p. 35,36.
[7] https://hrcak.srce.hr/file/57790,(13.01.2018) Kurikulum i nastava povijesti,